Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 1644/2022

Дата: 26-08-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Гостивар се издаваат **Услови за планирање на просторот за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар.**
Должината на трасата за која што се издабаат Условите за пранирање на просторот изнесува 377м.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y32421** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат од Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на предметниот простор за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар потребно а де се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на зажтита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметниот простор за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.


Министерство за животна средина
и просторно планирање на
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Гостивар, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 39234 од 10.11.2021 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1644/2022 од 24.08.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за реконструкција на локален пат во с. Вруток, Гостивар од км 0+0.000 до км 0+377.33, Општина Гостивар** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска